**РЕПУБЛИКА СЕВЕРНА МАКЕДОНИЈА**
**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**
**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666 www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk**

Уп. бр. 08-106

Комисијата за заштита на конкуренцијата врз основа на член 28 и член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата („Службен весник на Република Македонија“ бр. 145/10, 136/11, 41/2014, 53/16, 83/18 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ 208/24 и 16/25), а постапувајќи по известувањето за концентрација поднесено од страна на Аграна Бетеилигунгс-АГ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија, доставено преку Андреа Лазаревска, адвокат од Скопје, на седницата одржана на ден 23.07.2025 година, го донесе следното:

**Р Е Ш Е Н И Е**

1. Се утврдува дека концентрацијата со која Аграна Бетеилигунгс-АГ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија стекнува единствена контрола врз Австрија Цус ГмбХ, со седиште на Кроллендорф 45, 3365 Аллхартсберг, Австрија, иако потпаѓа под одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминантната позиција на учесниците и **е во согласност со одредбите на Законот за заштита на конкуренцијата во смисла на член 19 став (1) точка 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.**

2. Се задолжува подносителот на известувањето за концентрација да плати административна такса за известување за концентрација во износ од 6 000,оо ден. и за решението во износ од 30.000,оо ден., по тарифен број 34 од Законот за административни такси („Службен весник на Република Македонија“ бр.17/93, 20/96, 7/98, 13/01, 24/03, 19/04, 61/04, 95/05, 7/06, 70/06, 92/07, 88/08, 130/08, 6/10, 145/10, 17/11, 84/12, 192/15, 23/16 и „Службен весник на Република Северна Македонија“ бр.151/21) на сметка на Буџетот на Република Македонија бр. 100000000063095, уплатна сметка 840...03161, приходна шифра и програма 72231300.

3.Тужбата за поведување на управен спор не го одлага извршувањето на решението.

**О б р а з л о ж е н и е**

Согласно одредбите од член 15 од Законот за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Законот), на ден 01.07.2025 година, а дополнето на 03.07.2025 година до Комисијата за заштита на конкуренцијата (во понатамошниот текст: Комисијата) беше доставено известување за концентрација од страна на Аграна Бетеилигунгс-АГ, со седиште на Фриедрицх-Вилхелм-Раиффеисен-Платз 1, 1020 Виена, Австрија со која Аграна ќе ги стекне сите акции во и единствена контрола врз Австрија Цус ГмбХ, со седиште на Кроллендорф 45, 3365 Аллхартсберг, Австрија.

Комисијата започна со испитување на Известувањето со денот на неговиот прием и врз основа на податоците доставени во Известувањето за концентрација, дополната и прилозите кон истото го утврди следното:

**Основни деловни активности на засегнатите претпријатија:**

Групацијата на друштва АГРАНА е преработувач на земјоделски суровини, кои се структурирани во три оперативни дивизии: шеќер, скроб и овошје. Аграна е лидер на пазарот во производството на овошни преработки и е меѓу најважните производители на овошни сокови од концентрат во светот. Таа е главен снабдувач на производи од скроб прилагодени на потребите на клиентите и биоетанол во Европа и водечка компанија за шеќер во Централна, Источна и Југоисточна Европа. Концентрацијата се однесува на дивизијата за овошје на Аграна, предводена од Аграна Интернационале Фервалтунгс-унд Асет-Менаџмент ГмбХ (*AGRANA Internationale Verwaltungs- und Asset-Management GmbH*), Австрија, преку која Аграна има намера индиректно да ги стекне сите акции и единствената контрола врз Австрија Џус. Групацијата АГРАНА има едно поврзано друштво во Северна Македонија, Друштво за трговија на големо АГРАГОЛД ДООЕЛ Скопје, со регистрирано седиште на Качанички пат бр. 168, 1000 Скопје, Северна Македонија со ЕМБС 6176640 со приоритетна дејност 46.360 – Трговија на големо со шеќер, чоколада и слатки од шеќер.

Австрија Џус е производител и препродавач на сокови од концентрати главно од јаболка, црвено овошје и бобинки, како и соединенија и ароми за пијалоци. Стопанисува со 13 производствени погони со над 1.000 вработени лоцирани во Австрија, Германија, Унгарија, Полска, Романија, Украина и Кина, и нуди широко портфолио на овошни сокови од концентрат, овошни сокови што не се од концентрат, соединенија за пијалоци, природни ароми, овошни вина и јаболковини, како и овошни засладувачи.

Комисијата утврди дека пријавената концентрација потпаѓа под одредбите на Законот, бидејќи ги исполнува условите од член 12 став (1) и од член 14 став (1) точка 1) и 2) од Законот за заштита на конкуренцијата.

Комисијата, имајќи ги предвид критериумите од член 17 став (2), став (3) и став (4) од Законот за заштита на конкуренцијата и точка 6 б) од *Насоките за уврдување на случаите во кои при оценка на концентрациите Комисијата за заштита на конуренцијата вообичаено ќе утврди дека истите се во согласност со Законот за заштита на конкуренцијата*, оцени дека пријавената концентрација, иако потпаѓа под одредбите од Законот, е во согласност со истиот бидејќи нема да има за последица значително спречување, ограничување или нарушување на ефективната конкуренција на пазарот или на негов суштински дел, особено како резултат на создавање или зајакнување на доминатната позиција на учесниците.

**Ул. Св.Кирил и Методиј бр.54 (6 ти кат), 1000 Скопје**
**Тел (02) 3298 666** www.kzk.gov.mk e-mail:kzk@kzk.gov.mk

Имајќи ја предвид ваквата оценка на концентрацијата, Комисијата одлучи како во диспозитивот на ова Решение, согласно член 19 став (1) точка 2) од Законот.

Согласно член 53 став (2) од Законот, тужбата не го одлага извршувањето на решението.

**Упатство за правно средство:**

Против ова решение може да се поднесе тужба за поведување на управен спор пред Управниот суд во рок од 30 дена од денот на приемот на решението

**КОМИСИЈА ЗА ЗАШТИТА НА КОНКУРЕНЦИЈАТА**

**ПРЕТСЕДАТЕЛ**

**М-р Малинка Силјановска Николиќ**